# Основни поими во  интернетот  на ПОЛ

Интернет
Интернет е глобална светска мрежа за пренос на податоци од кој било тип (пишани, графички, звучни, видео материјали, итн.)

E-mail
E-mail е засега најкористениот сервис кој што е овозможен од интернет мрежата и кој што дозволува пренос на податоци во вид на пишани пораки меѓу две или повеќе индивидуи.

WWW (World Wide Web)
Мултимедијален сервис на Интернет со кој се овозможува пребарување по информации и датотеки од секаков вид: слики, видео/аудио записи. Пример: страната која што моментално ја гледате, нашата web страна е и самата дел од WWW.

FTP (File Transfer Protocol)
Сервис на Интернет со кој се овозможува пренос на датотеки.

Telnet
Сервис на Интернет со кој се овозможува терминалски пристап на далечински компјутер.

56K / 56kbps
Брзина на пренос на податоци: kbps - (kilo bits per second) » 56K=56,000 бита во секунда

На пример: максимална брзина која што може да биде постигната со dial-up пристап е 56K, додека со ISDN пристап можете да постигнете од 64, односно 128Kbps.

Protocol
Софтверски правила за комуникација помеѓу два компјутера неопходни за нивно поврзување. За да се поврзете на Palenzo On-Line потребно ви е да инсталирате само TCP/IP протокол.

TCP/IP (Transmission Control Protocol / Internet Protocol)
Вид на протокол преку кој се остварува Интернет поврзувањето.

SMTP (Simple Mail Transfer Protocol)
Вид на протокол потребен за пренос на електронска пошта.

HTTP (Hyper Text Transfer Protocol)
Протокол кој обезбедува пренос на WWW страници на Интернет.

IP адреса
32 битна адреса еднозначна определена за секој компјутер поврзан на Интернет. Palenzo On-Line меѓу другите услуги нуди и услуга доделување на IP адреса за корисници кои тоа ќе го побараат.

Modem
Уред со чија помош се врши пренос на податоци помеѓу два далечински компјутери. Доколку на вашиот компјутер немате приклучено ваков уред, тогаш не сте во состојба да се врзете на Интернет.

Dial-Up поврзување
Поврзување на корисникот преку телефонски повик. Телефонски броеви на кои што можете да се врзете на нашиот систем се:
dial-up броеви за интернет пристап

HTML (Hyper Text Markup Language)
Скрипт-програмски јазик со кој се креираат WWW страниците. Доколку сте заинтересирани да ви биде

изработена web страница, проверете го нашето резиме и ценовникот.

Browser (пребарувач)
Соодветен програм за користење на можностите на WWW. Моментално најпопуларен е MS Internet Explorer. Исто така популарни се и Netscape како и Opera.

Интернет домен
Симболичко именување на компјутерите на Интернет, со што логички се одвојуваат, држави, институции, организации... Еден пример за домен е: http://www.pol.com.mk

Palenzo On-Line исто така нуди и услуга регистрација на Интернет домени и поддомени.

ISP (Internet Service Provider)
Локален Интернет центар кој овозможува приклучување на Интернет и користење на Интернет сервисите.

PPP (Point-to-Point Protocol)
Протокол што овозможува врска точка-до-точка помеѓу два TCP/IP системи за пренос на IP пакети.

POP3 (Post Office Protocol 3)
Протокол за пренос на електронска пошта од серверот за електронска пошта до персоналниот компјутер на корисникот.